**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

---

# П Р Е Д Л О Г
# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

**Скопје, март 2010 година**

# В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во легислативата на Република Македонија материјата што се однесува на оружјето е регулирана со Законот за оружјето (“Службен весник на Република Македонија” бр.7/05, 47/06, 42/07 и 86/08).

Со овој закон се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање), промет, превоз и пренесување преку државната граница на оружје и муниција, како и определено е дека одредбите на овој закон нема да се применуваат на вооружувањето и воената опрема, како и на оружјето и муницијата наменети за потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено-поправните установи и другите државни органи и правни лица утврдени со посебни прописи.

Одредбите од предметниот закон влегоа во сила на 08.02.2005 година.

Изменувања и дополнувања на законот се извршија во 2006 година, со што се одложи примената на овој закон од први јануари 2007 година.

Во текот на 2007 година се иницираа изменувања и дополнувања на Законот за оружје, како резултат на одредени укажувања и барања на невладиниот сектор, односно Национална асоцијација за оружје и Програмата на Обединетите нации за развој (УНДП). Со овие измени се изврши усогласување на казнените одредби на Законот за оружјето со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2006).

Во процесот на имплементација на предметниот закон во 2008 година отворени беа дополнителни прашања околу практичната примена на законот, односно се наметна потреба за прецизирање и посоодветно нормативно обликување на соодветни одредби од истиот закон. Нормативните интервенции беа неопходни заради што е можно побрзо олеснување на правниот промет во предметната материја и вградување на современ европски елемент во уредување на односите во оваа сфера. Согласно наведеното, критичкиот пристап кон законскиот текст произлезе пред се од заложбите на Министерството за внатрешни работи (а со тоа воедно и на Владата на Република Македонија) максимално да ја испочитува својата улога на јавен

сервис кој се грижи за заштита на интересите на граѓаните на Република Македонија воопшто, а во конкретниот случај особено на бизниз-заедницата и тоа оној нејзин сегмент кој врши дејност непосредно поврзана со материјата која е предмет на регулирање на овој закон. Измените што се направија во 2008 година се дополнително мотивирани и од имплементацијата на Single Window проектот на Владата на Република Македонија, согласно кој за одредени обрасци утврдени во Законот за оружјето, се предвидува алтернативен, електронски начин на издавање. Заради целосна практична имплементација на пробните испукувања беше предвидено донесување на подзаконски акт за составот на комисиите на Министерството за внатрешни работи кои ги вршат пробните испукувања, за начинот на вршење на пробните испукувања, како и за чувањето на чаурите од оружјето од кое е извршено пробно испукување.

Со изменувањата и дополнувањата на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 42/07) беше предвидено дека дозволите за поседување и носење на оружје и дозволите за поседување на оружје издадени по досегашните прописи мора да се заменат најдоцна во рок од три години од денот на влегување во сила на овие изменувања и дополнувања, односно најдоцна до 13.04.2010 година. Врз основа на анализа на статистичките податоци со кои располага Министерството за внатрешни работи се утврди дека во периодот од три години пререгистрирани се околу 5 % од регистрираното оружје, па затоа се предлага одложување на крајниот рок на замена на постојните дозволи за уште седум години. Заради надминување на правниот вакум во однос на обврската за замена на постојните дозволи со нови дозволи се предлага донесување на овој закон по скратена постапка.

Министерството за внатрешни работи како орган на државната управа е надлежен, меѓу другото за преземање на мерки за целосно имплементирање на веќе донесените одредби, па врз основа на извршената анализа на досегашното практично имплементирање на наведениот закон, ја утврди потребата од нивно допрецизирање, што ќе придонесе за соодветна практична имплементација на истите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за оружјето.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

Со оглед на тоа дека се исполнети условите во членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/08), предлагаме донесување на закон по скратена постапка со оглед дека не е во прашање сложен и обемен закон, наведени во делот I на овој Вовед.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

**Член 1**

Во Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 47/06, 42/07 и 86/08), во член 3 став 23 точката и запирката на крајот на реченицата се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „и кои се евидентирани од страна на Министерството за култура;"

**Член 2**

Во член 7 став 2 зборовите: „и муниција за оружје со жлебени цевки" се бришат. По зборот „потврда" се додаваат зборовите: „за пријавено оружје од Д категорија". По зборот „потврдата" точката се брише и се додаваат зборовите: „за пријавено оружје од Д категорија".

Ставовите 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Муниција за оружје со жлебени цевки се набавува врз основа на одобрение за набавување на муниција или врз основа на потврда за пријавено оружје од Д категорија издадена за тоа оружје.

Муниција за оружје со нежлебени цевки се набавува врз основа на издадената дозвола за тоа оружје. "

По став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Одобрението за набавување на оружје, одобрението за набавување на делови на оружје и одобрението за набавување на муниција важи шест месеца од денот на издавањето на одобрението."

Ставовите 5, 6 и 7 стануваа ставови 6, 7 и 8.

**Член 3**

Во член 8 став 1 во првиот ред по зборот „оружје" запирката и зборовите: „главни делови на оружје или муниција (во натамошниот текст: одобрение за набавување оружје)" се бришат.

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одобрение за набавување на делови на оружје и одобрение за набавување на муниција се издава на физички или правни лица кои поседуваат важечка дозвола за оружје или дозвола за поседување на оружје."

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

**Член 4**

Во член 13 став 2 се додава нова алинеја 1, која гласи:

„- е активен член на ловечко или стрелачко друштво и има потврда за положен ловечки испит, односно потврда дека е активен член на стрелачко друштво,“.

**Член 5**

Во член 15 по став 1, се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје се докажува со дозвола за оружје, што е поништена согласно со членот 41 став 1 точка 5 од овој закон.“

Во став 2 кој станува став 3 по зборот „точки“ се додава бројот „2,“.

Ставот 3 станува став 4.

**Член 6**

Во член 21 став 4 по зборовите: „дозволата за оружје“ се додаваат зборовите: „и дозволата за поседување на оружјето согласно Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003)“.

По став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Покрај случаите од став 4 на овој член, потврда за поседување на оружје се издава на лице на кое му е издадена потврда за привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето, согласно член 39 став 6 од овој закон.“

**Член 7**

Во член 26-а став 1 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и достави доказ издаден од Министерството за култура дека оружјето е колекционерско оружје.“

**Член 8**

Во член 27 став 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „од стрелачки и ловечки друштва, правни лица -корисници на дивеч во ловишта, како и од научни институции, државни органи и други правни лица заради вршење на работи кои спаѓаат во рамките

на нивната редовна дејност, а се однесуваат на заштитата на луѓето, односно животните или животната средина“.

Во став 2 по зборот „Физичкото“ се додаваат зборовите: „или правното“.

**Член 9**

По член 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

**„Член 27-а**

Старинското оружје се евидентира во Министерството за култура.“

**Член 10**

Во член 35 став 1 по зборовите: „само на“ се дадаваат зборовите: „физички, односно правни“.

Во став 2 по зборот „физички“ се додава запирка и зборовите: “односно правни“, а по зборот „страни;“ се додаваат зборовите: „односно податоци за правните лица, “.

Во став 3 по зборот: „Физичките“ се додаваат зборовите: „односно правните“.

**Член 11**

Во член 39 став 1 зборовите: „30 дена“ се заменуваат со зборовите: „шест месеца“.

Став 6 се менува и гласи:

„Ако лицето од став 4 на овој член не поднесе барање за издавање на дозвола за оружје во предвидениот рок или барањето за издавање на дозвола за оружје е одбиено или лицето не сака да го отуѓи оружјето, тогаш ова лице може да поднесе барање за привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето до трговските друштва од член 51-а став 2 од овој закон, за што се издава потврдата од член 51-а став 3 од овој закон.“

По став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Ако оставителот нема наследници, со оружјето се постапува согласно член 45 од овој закон.“

Ставот 7 станува став 8.

**Член 12**

Во член 41 став 1 точка 4) точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 5), која гласи:

„5) оружјето е украдено, односно исчезнато или продадено.“

**Член 13**

Член 45 се менува и гласи:

„Со оружјето и муницијата одземени во кривична или прекршочна постапка се постапува согласно посебен закон.“

**Член 14**

Во член 47 став 2 точка 1) по зборот „барањето“ запирката и зборовите: „основачите на трговското друштво“ се бришат.

Во алинеја 3 зборовите: „или престојувалиште“ се бришат.

**Член 15**

Во член 51-б став 2 зборовите „оспособување на огненото“ се заменуваат со зборот „онеспособено огнено“.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Оружје што е привремено онеспособено за употреба може да се оспособи за употреба, односно реактивира од страна на трговското друштво од член 51-а став 2 од овој закон, на барање на физичко лице, врз основа на издадено одобрение за набавување на оружје. “

**Член 16**

Во член 77 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во прописот од став 1 на овој член, заради остварување на целите утврдени со овој закон, се предвидува обработување и користење на следниве лични податоци:

1) лично име;

2) датум и место на раѓање;

3) државјанство;

4) број на патна исправа;

3) живеалиште, односно престојувалиште и адреса на станот и

4) единствен матичен број на граѓанинот.“

**Член 17**

Во член 86 став 1 по зборовите: „носење на оружје“ се става запирка и се додаваат зборовите: „овластување за носење на оружје“, а зборот „три“ се заменува со зборот „десет“.

Во став 2 зборот „Дозволите“ се заменува со зборот „Исправите“, а зборот „дозволи“ со зборот „исправи“.

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Пробното испукување од став 3 на овој член се врши при замена на исправите од став 1 на овој член или при поднесување на барање за продолжување на важноста на дозволата за оружје, односно дозволата за поседување на оружје, согласно вољата на физичкото односно правното лице.“

**Член 18**

Член 86-а) се менува и гласи:

„За оружјето од Б, Ц и Д категорија, што се поседува од физичко или правно лице, без издадена исправа за оружјето предвидена согласно одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003) надлежниот орган издава дозвола за оружје, дозвола за поседување на оружје и потврда, ако физичкото лице ги исполнува условите од член 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и став 2 од овој закон, односно правното лице ги исполнува условите од член 16 став 1 точка 1 и ставот 2 од овој закон.

Оружјето од став 1 на овој член, не смее да потекнува од извршување на кривично дело, односно да било наменето или употребено за извршување на кривично дело, да не е во сопстеност на друго физичко или правно лице и ознаките на оружјето да не се оштетени или уништени.

Дозволите од став 1 на овој член се издаваат врз основа на лично барање на физичкото или правното лице, што може да се поднесе најдоцна во рок од една година од влегување во сила на овој закон.

Доколку физичкото лице не ги исполнува условите од член 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4 6 и 7 и став 2 од овој закон, односно правното лице не ги исполнува условите од член 16 став 1 точки 1 и став 2 од овој закон, тогаш надлежниот орган го повикува физичкото, односно одговорното лице во правното лице доброволно да го предаде оружјето од став 1 на овој член, во најблиската полициска станица до местото на нивното живеење, односно местото на седиштето на правното лице.

При доброволното предавање на оружјето од став 4 на овој член нема да се врши идентификација и евиденција на лицата кои доброволно го предале оружјето.

Против лицата кои доброволно предале оружје од став 4 на овој член нема да биде водена кривична или прекршочна постапка.

Оружјето од Б и Ц категорија, што се поседува од физичко или правно лице со исправа за оружјето предвидена согласно одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003), може доброволно да се предаде во најблиската полициска станица до местото на нивното живеење, односно местото на седиштето на правното лице, доколку физичкото или одговорното лице во правното лице поради оправдани лични причини има намера доброволно да го предаде оружјето.“

**Член 19**

Член 86-б) се менува и гласи:

„Физички, односно правни лица кои поседуваат оружје од А категорија, без исправа за оружјето согласно одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003), се повикуваат доброволно да го предадат ова оружје.

Повикувањето од став 1 на овој член се врши од страна на надлежниот орган со јавен повик.

Физичките, односно одговорните лица во правните лица од став 1 на овој член лично пријавуваат дека поседуваат оружјето кое имаат намера доброволно да го предадат, во најблиската полициска станица до местото на нивното живеење, односно до седиштето на правното лице.

Пријавување на оружјето од став 1 на овој член се врши секоја сабота од 8 до 16 часот, во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

По пријавувањето на оружјето се врши доброволно предавање на оружјето од став 1 на овој член, на начин што овластените службени лица на организациската единица на надлежниот орган вршат превземање на пријавеното оружје од местото каде се чувало ова оружје.

При доброволното предавање на оружјето од став 1 на овој член нема да се врши идентификација и евиденција на лицата кои доброволно го предале оружјето.

Против лицата кои доброволно предале оружје од став 1 на овој член нема да биде водена кривична или прекршочна постапка.“

**Член 20**

По член 86-б се додава нов член 86-в), кој гласи:

**„Член 86-в**

За колекционерско оружје, што се поседува од физичко лице, без издадена исправа за оружјето предвидена согласно одредбите од овој закон и Законот за набавување, поседување и носење на оружје („Службен весник на СРМ“ број 25/72, 30/72, 18/76, 26/76, 15/83, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија“ број 26/93 и 49/2003) надлежниот орган издава дозвола за колекционерско оружје, ако физичкото лице ги исполнува условите од членовите 9, 26-а и 33 од овој закон.

Оружјето од став 1 на овој член, не смее да потекнува од извршување на кривично дело, односно да било наменето или употребено за извршување на кривично дело, да не е во сопстеност на друго физичко или правно лице и ознаките на оружјето да не се оштетени или уништени.

Дозволите од став 1 на овој член се издаваат врз основа на лично поднесено барање од физичкото лице.“

**Член 21**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за оружјето.

**Член 22**

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 37/03 и број 9/04).

**Член 23**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето се врши прецизирање на членот 3 од предметниот закон, во однос на дефиницијата за старинското оружје. Имено, со ставот 23 од овој член предвидено е дека старинско оружје е ладно оружје и огнено оружје што употребувало црн барут, конструирани пред 1898 година и кои имаат историска, антикварна, музеолошка или уметничка вредност, а кои повеќе не се во употреба. Со предложените изменувања и дополнувања на предметниот закон се врши допрецизирање на дефиницијата на овој поим, односно се предвидува дека старинското оружје, кое согласно одредбите на овој закон, не се смета за оружје, е евидентирано од страна на Министерството за култура. Предложените дополнувања се направени по претходна консултација на надлежните служби на Министерството за внатрешни работи и Министерството за култура.

Со членот 7 од предметниот закон регулиран е начинот на набавување на оружјето, делови на оружје и муниција. Со предложените изменувања и дополнувања се врши разграничување меѓу начинот на набавување на муниција за оружје со жлебени цевки и муниција за оружје со нежлебени цевки, како и се врши подвојување и разграничување на одобрението за набавување на оружје, одобрението за набавување на делови на оружје и одобрението за набавување на муниција.

Со членот 8 од предметниот закон се врши прецизирање и разграничување помеѓу одобрението за набавување на оружје, одобрението за набавување на делови на оружје и одобрението за набавување на муниција. Наведените одобренија се предвидени на овој начин и во Правилникот за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружјето и муницијата („Службен весник на Република Македонија“ број 94/09 и 02/10), односно се врши терминолошко усогласување на одредбата од законот со содржината на наведениот правилник.

Во членот 13 од предметниот закон се регулира што се преставува оправдана причина за набавување на оружје, како еден од услов кои треба да бидат исполнети за да му се издаде на физичкото лице одобрение за набавување на оружје. Во ставот 2 на истиот член се врши дополнување со нова оправдана причина за поседување на оружјето. Имено, по барање на

Националната асоцијација за оружје се предлага како оправдана причина за поседување на оружјето да се додаде активното членство во ловечко или стрелачко друштво, односно физичкото лице да има потврда за положен ловечки испит, односно потврда дека е активен член на стрелачко друштво.

Со членот 15 од предметниот закон се регулира условот за издавање на одобрение за набавување на оружје, а се однесува на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје. Исполнетоста на овој услов се докажува со важечка дозвола за таков вид на оружје. Со предложените дополнувања се предвидува исклучок од ова правило, односно се предвидува дека техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје се докажува и со дозвола за оружје која е поништена затоа што оружјето е украдено, односно исчезнато или продадено.

Во членот 21 став 4 од предметниот закон се утврдени ситуациите поради кои надлежниот орган, односно Министерството за внатрешни работи ја заменува дозволата за оружје со потврда за поседување на оружје, по што оружјето за кое е издадена таа потврда не може повеќе да се употребува. Со оглед дека при практичната примена на оваа одредба се појавија и случаи да се бара замена на дозволи за поседување на оружје согласно одредбите на стариот Закон за набавување, поседување и носење на оружје, се предлага дополнување на овој став во наведениот правец. Исто така со новиот став 5 на овој член се врши прецизирање дека потврда за поседување на оружје се издава и на лице на кое му е издадена потврда за привремено онеспособување на оружјето, во случаи кога сопственикот на оружјето починал, а неговите наследници не поднеле барање за издавање на дозвола за оружје во предвидениот рок или ова барање е одбиено или лицето не сака да го отуѓи оружјето.

Со членот 26-а се регулира постапката за набавување на колекционерското оружје. По одржан состанок на преставници на Министерствата за внатрешни работи и Министерството за култура се утврди дека како нов услов при издавањето на одобрение за набавување на колекционерско оружје да се предвиде физичкото лице да достави доказ издаден од Министерството за култура дека оружјето за кое е поднесено барање за издавање на ова одобрение е колекционерско оружје.

Со интервенциите во членот 27 став 1 се настојува да се регулираат се почестите барања за набавување на оружје од Д категорија од страна на

државните органи и други правни лица, кое оружје ќе се користи за заштита на луѓето, односно животните или животната средина.

По одржан состанок меѓу преставници на надлежните служби на Министерството за внатрешни работи и Министерството за култура се утврди потребата старинското оружје, кое согласно одредбите на овој закон не се смета за оружје, да се евидентира во Министерството за култура. Од тие причини се предлага нова одредба 27 –а со која се прецизира наведената содржина.

Во членот 35 од предметниот закон се регулира продажбата на оружје и потребата од склучување на договор за продажба на оружје во писмена форма заверен од страна на нотар. Со оглед дека наведената одредба не ја опфаќа ситуацијата на продажба на оружје каде како купувачи можат да се јават и било кои правни лица се врши измени на нваедената одредба во тој правец. Со овие изменувања се настојува да се регулира продажбата на оружје помеѓу две правни лица, односно помеѓу две стрелачки друштва. Во ставовите 2 и 3 од истиот член се прават аналогни изменувања согласно ставот 1 на истиот член.

Наследниците на оружје имаат одредени обврски по смртта на оставителот која е сопственик на оружје, а обврските се однесуваат на оружјето согласно членот 39 став 1 од предметниот закон. Овие обврски беше предвидено наследниците да ги превземат во рок од 30 дена од смртта на сопственикот на оружјето. Со оглед на краткиот рок за нивно превземање, со предложените изменувања се предлага подолг законски рок, кој ќе изнесува наместо 30 дена, шест месеца. Исто така, во овој член се предлага нов став согласно кој, ако наследникот не поднесе барање за издавање на дозвола за оружје во рок од два месеца по завршувањето на оставинската постапка или барањето за издавање на дозволата за оружје е одбиено или наследникот не сака да го отуѓи оружјето, тогаш ова лице може да поднесе барање за привремено онеспособување (деактивирање) на оружјето. На истиве лица им се утврдува и правото да им се издаде потврда за поседување на ова оружје кое е привремено онеспособено.

Со членот 41 од предметниот закон се врши регулирање на ситуациите кога се врши поништување на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје и дозволата за носење на оружје. Со предложените измени се врши дополнување на предметната содржина со нова точка, со која се предвидува дака ќе се поништат горе наведените исправи кои се однесуваат на оружјето, доколку оружјето е украдено, односно исчезнато или продадено.

Членот 45 од предметниот закон целосно се менува заради усогласување со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08). Имено, со овој член досега се предвидуваше начинот на постапување со оружје и муниција одземени во кривична и прекршочна постапка. Со оглед дека во меѓувреме се донесе Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предметни во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08) и согласно истиот беше предвидено другите закони и подзаконски акти кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривичната и прекршочната постапка да се усогласат со одредбите на овој закон, се пристапи кон дефинирање на содржината на наведената повикувачка одредба.

Со членот 47 од предметниот закон се утврдени условите кои треба да бидат исполнети за да се издаде одобрение за производство на оружје и муниција и поправање на оружје. Наведеното одобрение ќе се издаде ако се исполнети условите кои се предвидени за подносителот на барањето, основачите на трговското друштво и одговорното лице во правното лице. Од досегашната практична примена на овие одредби, надлежната организациона единица на Министерството за внатрешни работи утврди дека предвидените услови за издавање на ова одобрение треба исклучиво да се однесуваат само за подносителот на барањето и одговорното лице во правното лице, а не и за основачите на трговското друштво. Со оваа измена се очекува дополнителна можност за основање на трговски друштва за производство на оружје и муниција и поправање на оружје од страна на странски државјани, а не како досега само од страна на домашни државјани.

Со членот 51 –б од предметниот закон се дефинираат техничките постапки кои се преземаат за привремено онеспособување на оружјето. Во ставот 2 се врши надминување на одредена непрецизност констатирана во текстот на законот. Со ново предложениот став 3 на овој член се предвидува дека оружјето што е привремено онеспособено може да се оспособи за употреба од страна на трговско друштво кое врши деактивирање на оружјето, по поднесено барање на физичкото лице, на кое претходно му е издадено одобрение за набавување на оружје.

Со членот 77 од предметниот закон предвидена е законска основа за донесување на подзаконски акт за образците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденцијата на оружјето и муницијата. Наведениот

подзаконски акт е донесен од страна на министерот за внатрешни работи како Правилник за обрасците на оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденцијата за оружје и муниција, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 94/09 и 02/10. Со оглед дека со обрасците содржани во наведениот подзаконски акт се обработуваат и се содржани одредени лични податоци, со предложените изменувања се прецизирани личните податоци кои се обработуваат и користат во предметните обрасци. Предложените изменувања и дополнувања се мотивирани од укажувањата на Дирекцијата за заштита на личните податоци, особено во однос на обработката на единствениот матичен број на граѓанинот. Овој личен податок, согласно укажувањата на наведеното тело може да се обработува само во случаи предвидени со закон. Врз основа на тие укажувања, се предлагаат дополнувањата во овој член.

Во членот 86 од предметниот закон предвидена е обрската за заменување на дозволите за поседување и носење на оружје и дозволите за поседување на оружје издадени по досегашните прописи во рок од три години, односно најдоцна до 13.04.2010 година. Со оглед дека со постојната содржина на овој член не била опфатено и овластувањето за носење на оружје кое се издавало согласно одредбите на стариот закон, се изврши прецизирање и на оваа исправа. Врз основа на анализа на статистичките податоци со кои располага Министерството за внатрешни работи се утврди дека во периодот од три години пререгистрирани се околу 5 % од регистрираното оружје, па затоа се предлага одложување на крајниот рок на замена на постојните дозволи за уште седум години. Со ново предложениот став 4 предвидено е дека пробното испукување ќе се врши согласно волјата на физичкото, односно правното лице, односно ќе имаат можност за избор дали пробното испукување ќе се врши при замената на претходно наведените исправи со нови дозволи или при при наредното продолжување на важноста на дозволите за оружје, односно дозволите за поседување на оружје.

Со ново предложената содржина на членот 86 –а се предлага можност за повторна легализација на оружјето кое се поседува без соодветна важечка исправа издадена согласно одредбите на стариот Закон за набавување, поседување и носење на оружје и Закон за оружјето. Имено, се предлага легализација на оружје од Б, Ц и Д категорија во рок од една година од влегувањето во сила на овие изменувања и дополнувања. Легализацијата ќе може да се спроведе на оружјето чиј сопственик ги исполнува условите предвидени во законот, и доколку оружјето не потекнува од извршување на

кривично дело, односно не било наменето или употребено за извршување на кривично дело и други услови предвидени во законот а кои се однесуваат на оружјето. Ако сопственикот на оружјето не ги исполнува условите предвидени во законот, тогаш надлежниот орган ќе го повика доброволно да го предаде ова оружје. Исто така, со предложената одредба ќе се регулираат ситуациите на легално поседување на оружје од Б и Ц категорија, кое сопствениците не сакаат поради одредени оправдани лични причини да го поседуваат и чуваат, па се предвидува можност за доброволно предавање на ова оружје.

Со членот 86-б се предвидува доброволното предавање на оружјето од А категорија. Имено, оружјето игра значајна улога во вооружените насилства и криминални активности како и во нарушување на безбедноста на граѓаните на територијата на Република Македонија, па затоа се јавува потребата од негово контролирање во рамките на територијата на нашата држава. Овој проблем беше присутен особено по вооружениот конфликт во 2001 година, меѓутоа и поткрепен со порастот на криминалот со елементи на насилство. Имено, многу граѓани на Република Македонија набавуваа оружје пради нивна лична сигурност, заплашување, одбрана и друго, а самото поседување на оружје доста често предизвикува и негово употребување, односно негова злоупотреба за најразлични цели и тоа од вршење на криминални активности (оружени грабежи, разбојништва, насилства) па до обични заплашувања, нарушувања на јавниот ред и мир, јавно манифестирање за негово поседување со носење на јавни места, објекти и слично. За надминување на ваквите состојби, во периодот од 01.11.2003 година до 15.12.2003 година на територијата на Република Македонија беше спроведена акција за доброволно предавање на оружје и муниција и легализација на истото. Како битна претпоставка за спроведување на оваа акција, беше донесување на Законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето донесен на 28 мај 2003 година и објавен во Службен весник на Република Македонија број 37/2003 година. Целта на оваа акција беше граѓаните кои неовластено држат оружје, чие набавување, поседување и носење беше забрането согласно одредбите од тогашниот Закон за набавување, поседување и носење на оружје, како и лицата кои поседуваат оружје за кое не добиле одобрение за набавување и дозвола за оружје согласно горенаведениот закон врз основа на јавен повик да се мотивираат доброволно да го предадат оружјето и со тоа да го легализираат. Поттикнати од успешноста на оваа акција, како и земајќи го во предвид фактот дека помина подолг временски период од речиси седум години од спроведувањето на

последната акција, сметаме дека со донесувањето и имплементирањето на одредбите од новиот Закон за оружјето, повторно се создава поволна клима за спроведување на постапките за легализација на оружјето и доброволно предавање на оружјето и муницијата, кои граѓаните илегално ги поседуваат. На граѓаните е потребно да им се даде уште една можност да го пријават оружјето за кое немаат докази за неговото потекло. Имено, во пракса се утврди дека на територијата на Републиката се уште има голем број на граѓани кои поседуваат оружје кое може да биде предмет на легализација, а кои поради неинформираност ја пропуштиле акцијата за доброволно предавање на оружјето и правото на легализација кое што им го овозможи Законот за оружјето со измените во 2007 година, која легализација се спроведуваше од денот на стапување во сила на овие измени се до октомври 2007 година. Министерството за внатрешни работи смета дека постојано ќе се јавуваат лица со вакво оружје, а со отворената легализација во период од една година се охрабруваат граѓаните истото да го пријават, со што се намалува бројот на нелегалното оружје. Во насока на горенаведеното, анализирајќи ги извешатите и статистичките податоци со кои располага Министерството за внатрешни работи, беше констатирана состојба на зголемен број на нелегално оружје на територијата на Република Македонија. Потребата од надминување на ваквата состојба ја наметна обврската Министерството за внатрешни работи да превземе конкретни мерки и активности во насока на решавање на овој проблем со кој се загрозува безбедноста и сигурноста на граѓаните и на државата. Оттука, земајќи го во предвид фактот дека организирање на уште една акција за доброволно предавање на оружјето и муницијата како таа во текот на 2003 година економски е неодржливо, а пак компаративно следејќи ги законодавствата на некои Европски земји во регионот се наметна решението, постапките за доброволно предавање на оружјето да се регулират во текстот на следните измени и дополнувања на Законот за оружјето. Овие одредби ќе остават можност за избор на граѓанинот, односно самиот да одлучи дали ваквото оружје ќе го предаде до најблиската полициска станица или ќе поведе постапка за легализација. Сметаме дека периодот од една година како пробен ќе биде доволен за да се утврди каква ќе биде динамиката и резултатите од легализацијата и доколку се утврди дека има потреба, односно дека не постојат злоупотреби на оваа одредба да се продолжи со акцијата и во иднина. Во контекст на наведеното, сметаме дека треба да се согледа и хуманитарниот аспект на оваа проблематика, бидејќи неконтролираното поседување на оружје

во државните граници условува и поголема несигурност и небезбедност на граѓаните во нашата држава.

Со членот 86-в се предлага трајна легализација на колекционерско оружје.

Со оглед на поминатиот временски период на важење на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и легализација на оружјето, како и ново предложената содржина на доброволното предавање и легализацијата на оружјето во овој закон се предлага престанување на важноста на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и легализација на оружјето.

Предложените изменувања и дополнување на предметниот закон ќе влезат во сила осмиот ден од денот на нивно објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНО ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржано во предложените одредби има за цел соодветна практична имплементација на постојните законски одредби.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со усвојување на предложените решенија ќе се постигне дополнително прецизирање на одредба од Законот за оружјето, односно создавање на нормативни предуслови за целосно практично реализирање на постојните законски одредби кои се однесуваат на сите аспекти на оружјето.

# И З В О Д
# НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

**Член 3**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

„Огнено оружје“ се сите видови пушки, пиштоли и револвери, како и други направи кои под притисок на барутни гасови низ цевката исфрлаат балистички проектил во облик на единечно зрно или сноп од сачми;

“Кусо огнено оружје“ е оружје чија цевка е со должина дп 30 см или чија вкупна должина не е поголема од 60 см;

„Долго огнено оружје“ е оружје чија цевка е подолга од 30 см или чија вкупна должина надминува 60 см;

„Автоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање автоматски се празни и полни и кај кое со едно притискање на чкрапецот се испукуваат повеќе или сите куршуми од магацинот на оружјето;

„Полуавтоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање, автоматски се празни и полни и кое може да испука само еден куршум со едно пукање на чкрапецот;

,,Репетирачко огнено оружје“ е оружје кое по испукување се полни и празни рачно, со ставање на куршум во цевката, земен од магацинот и пренесен со помош на механизам;

„Еднострелно огнено оружје“ е оружје без магацин кое пред секое испукување се полни рачно со ставање на куршум во лежиштето на куршуми и во вдлабнатиот дел предвиден за таа цел на влезот од цевката;

„Пневматско оружје“ се сите видови пушки, пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на компримиран воздух или друг компримиран гас низ цевката исфрлаат проектили со различен облик;

„Гасно оружје“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни гасови или сличен гас насочено распрснуваат или исфрлаат со муниција, иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето;

Како гасно оружје, во смисла на овој закон, не се сметаат направи кои распрснуваат или исфрлаат иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето, а се исклучиво наменети за самоодбрана;

„Оружје за светлосно-звучна сигнализација“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни или други слични гасови насочено исфрлаат светлосен проектил или предизвикуваат звучна сигнализација;

„Експлозивно оружје“ се сите видови бомби, мини, гранати и други направи кои содржат експлозивни материи или запаливи средства, кај кои поради надворешно или внатрешно дејство (тежина, удар, триење, хемиска реакција, електрична енергија и слично) се предизвикува ослободување и создавање на енергија и експлозија;

Како експлозивно оружје, во смисла на овој закон, се сметаат и делови на експлозивно оружје, запалувач и други предмети, кои се очигледно подготвени за изработка на експлозивно оружје;

„Оружје со тетива“ се лак, самострел и други направи кои под притисок на затегнатите краци на лакот, со тетива исфрлаат стрела или друг проектил;

„Ладно оружје“ се сите предмети направени за вршење напад или нанесување на телесна повреда, со употреба на физичка сила на напаѓачот како и предмети погодни за нанесување на телесна повреда, кога тие се носат на јавни собири, локали и слични места.

„Електрични парализатори“ се направи создадени за вршење напад или одбрана, кои под дејство на електрицитет или висок напон, предизвикуваат електрични шокови, што го онеспособуваат лицето, врз кое е употребена направата;

„Оружје за индустриски цели“ е оружје наменето за индустриска или техничка употреба, под услов да може да се користи само за тие употреби;

„Ловечко оружје“ е огнено оружје, од Б и Ц категорија, со кое е дозволен лов согласно со прописите за ловство;

„Спортско оружје“ е огнено оружје, од Б и Ц категорија, пневматско оружје и оружје со тетива кое согласно со посебни прописи се користи во спортски дисциплини;

„Колекционерско оружје“ е оригинално оружје од Б и Ц категорија, кое е конструирано во период од 1898 до 1945 година и потекнува од значајни историски настани;

„Оружје за самозаштита“ е еднострелно, полуавтоматско или репетирачко огнено оружје од Б и Ц категорија, со калибар поголем од 5,6 мм, кое служи за заштита на животот на сопственикот на оружјето и за обезбедување на имот и лица;

„Старинско оружје“ е ладно оружје и огнено оружје што употребувало црн барут, конструирани пред 1898 година и кои имаат историска, антикварна, музеолошка или уметничка вредност, а кои повеќе не се во употреба;

„Реплика на старинско оружје“ е копија на старинско оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката и се пали со фитил, кремен или каписла;

„Главни делови на огнено оружје“ се сметаат механизам за затворање (затворач), лежиште за куршуми и цевка на сите видови огнено оружје;

„Посебна опрема за огнено оружје“ е секој механизам што е предвиден и наменет за дополнување на основниот модел на оружјето, со чија примена се зголемуваат можностите и квалитетот на употреба на оружјето, освен оптичкиот нишан;

„Оптички нишан“ е посебна опрема за оружје, која се употребува на ловечко или спортско оружје, при учество на лов или стрелаштво, а се набавува и поседува од страна на физичко лице кое е активен член на ловечко или стрлачко друштво;

„Декаративно оружје“ се предмети кои се направени за декоративна намена и кои не можат да се употребат во огнено оружје;

„Оружје што е трајно онеспособено за употреба (деактивирано)“ е огнено оружје од Б, Ц и Д категорија, кое целосно ги изгубило карактеристиките на оружје, со извршување на техничка постапка врз еден од главните делови од огненото оружје, по што делот повеќе не може да се отстрани, замени или поправи, а со тоа оружјето е трајно онеспособено за употреба;

„Оружје што е привремено онеспособено за употреба“ е огнено оружје од Б, Ц и Д категорија, кое со извршување на техничката постапка врз еден од главните делови од огненото оружје е привремено онеспособено за функционирање;

„Имитација на оружје“ се предмети кои по надворешниот изглед наликуваат на оружје, но кои не можат да се употребат во огнено оружје;

„Муниција“ се сите видови куршуми, чаури и проектили наменети за полнење и дејство на оружјето;

„Боева муниција“ се сите видови на куршуми, наполнети со проектил што има моќ да убие;

„Муниција со панцирно-пробивен проектил што пенетрира“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи тврдо јадро, кое има голема пробивна моќ;

„Муниција со експлозивни проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии проектили содржат полнило што ескплодира;

„Муниција со запаливи проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии преоктили содржат хемиско соединение кое е запаливо;

„Маневарска муниција“ е муниција која содржи погонско полнење и чаура во која нема проектили;

„Муниција за зашеметување и успивање“ е материја наменета за извршување на хумани активности чиј проектил содржи хемиско соединение, кое предизвикува привремено успивање и онеспособување;

„Одбележувачка муниција“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи хемиско соединение, кое со согорување ја означува патеката на движење на проектилот;

„Муниција за гасно оружје“ е муниција која содржи хемиско полнење со иритирачки гас, кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето и

„Адаптери“ се направи наменети за употреба во лов или спортско стрелаштво, кои се вметнуваат во цевката на оружјето заради промена на видот и калибарот на оружјето, со што оружјето не ја менува постојната категорија, согласно овој закон.

**Член 7**

Оружје од категориите Б и Ц од овој закон може да се набавува врз основа на одобрение на Министерството за внатрешни работи, според живеалиштето на лицето, или престојувалиштето на странецот во Република Македонија, односно според седиштето на правното лице, подносител на барањето (во натамошниот текст: надлежен орган).

Главни делови за оружје и муниција за оружје со жлебени цевки можат да се набавуваат врз основа на одобрение или потврда и тоа според видот на оружјето за кое е издадена дозволата за оружје или потврдата.

Одобрението за набавување оружје, делови за оружје и муниција од ставовите 1 и 2 на овој закон важи шест месеца од денот на издавањето на одобрението.

Муниција за оружје со нежлебени цевки може да се набавува врз основа на издадената дозвола за тоа оружје.

Физичко лице може да набавува и поседува муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 200 куршуми во текот на календарската година, освен ако докаже дека постојат оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната во текот на календарската година, односно ако докаже дека учествува во лов, стрелаштво или слично.

Физичкото лице може да набавува и поседува муниција за оружје со нежлебени цевки и пневматско оружје без ограничување на количината на муницијата.

Правните лица кои се регистрирани за вршење на обезбедување на лица и имот или вршат дејност обезбедување на лица и имот за сопствени потреби можат да поседуваат муниција за оружје најмногу до 50 куршума за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето.

**Член 8**

Одобрение за набавување на оружје, главни делови на оружје или муниција (во натамошниот текст: одобрение за набавување на оружје) може да се издаде на физички лица заради заштита на нивната личност и имот, за лов и спортско стрелаштво.

Правните лица кои се регистрирани за вршење на обезбедување на лица и имот или вршат дејност обезбедување на лица и имот за сопствени потреби можат да набавуваат оружје врз основа на одобрение, заради заштита на лицата и имотот или за вршење на дејноста обезбедување на лица и имот.

Одобрение за набавување на спортско и ловечко оружје може да се издаде и на стрелачки и ловечки друштва, како и на правни лица –корисници на дивеч на ловишта.

Одобрение за набавување на огнено или пневматско оружје со муниција што содржи зашеметувачки или успивни материи за привремено онеспособување на животни може да се издаде на научни институции, државни органи и други правни лица заради научни истражувања и собирање стручни податоци за животинските видови, заштита на животните, како и други оправдани случаи што спаѓаат во нивната редовна дејност, а се однесуваат на заштита на животната средина.

**Член 13**

Физичкото лице има оправдана причина за набавување на оружје според членот 9 став 1 точка 5 од овој закон, ако докаже дека постојат оправдани причини за поседување на оружје, а особено ако неговата лична безбедност, безбедноста на неговото семејство или имот се сериозно загрозени, поради што е потребно поседување на оружје заради нивна заштита и сигурност или ако работите и задачите што ги врши на работното место се од таква приеода што можат да предизвикаат опасност од загрозување на неговиот живот или имот.

Покрај причините од ставот 1 на овој член, се смета дека физичкото лице докажало дека има оправдана причина за поседување на оружје, ако:

-собира колекционерско оружје, односно е колекционер,

-донесена е правосилна судска одлука за наследување на оружјето,

-доделена е награда во вид на оружје, за постигнати резултати во официјални натпревари во лов или спортско стрелаштво или

-доделено е оружје од страна на државни органи, меѓународни организации или државни органи на други држави.

**Член 15**

Техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје се докажува и со важечка дозвола за таков вид на оружје.

Припадниците на вооружените сили, полицијата, службата за обезбедување на казнено-поправните установи и други работници на државните органи кои со посебни прописи се овластени да носта оружје, исполнувањето на условот од членот 9 став (1) точки 3 и 6 на овој закон го докажуваат со потврда издаден од соодветниот државен орган дека се овластени да носат оружје.

Лицата кои вршат работи на обезбедување лица и имот, исполнувањето на условот од членот 9 став (1) точки 3 и 6 на овој закон го докажуваат со лиценца за вршење на работи на обезбедување лица и имот.

**Член 21**

Дозволата за оружје се издава со рок на важење од десет години, а на лица постари од 65 години живот со рок на важење од пет години.

Дозволата за оружје може да биде продолжена по писмено барање на имателот, поднесено до надлежниот орган најдоцна два месеца пред истекот на рокот на нејзиното важење.

Условите за продолжување на дозволата од членот 12 на овој закон на имателот, ги утврдува надлежниот орган по службена должност, а ако лицето е постаро од 65 години е потребно да достави и лекарско уверение не постаро од една година според членот 11 на овој закон.

Надлежниот орган на лице кое изјавило дека поради старост, болест и слично нема потреба од натамошно употребување на оружјето, ќе му ја замени дозволата за оружје со потврда за поседување на оружје, со која оружјето не може повеќе да се употребува.

**Член 26-а**

Одобрение за набавување на колекционерско оружје на физичко лице се издава врз основа на претходно поднесено писмено лично барање за издавање одобрение за набавување на колекционерско оружје, ако физичкото лице ги исполнува условите од членовите 9 и 33 на овој закон.

Ако збирката на колекционерското оружје е составена од над 25 парчиња на оружје, кон барањето од ставот 1 на овој член, физичкото лице (колекционерот) е должен да приложи и писмена согласност за вршење на надзор од страна на надлежниот орган, над начинот на сместување и чување на оружјето.

Физичкото лице (колекционерот) на кое му е издадено одобрение за набавување на колекционерско оружје, е должно во рок од осум дена од денот на извршената набавка на оружјето да поднесе барање за регистрирање на оружјето и издавање на дозвола за колекционерско оружје до надлежниот орган.

Дозволата од ставот 3 на овој член се издава со рок на важење од десет години.

По издавање на дозволата од став 3 на овој член, одобрение за набавување на друго колекционерско оружје се издава ако физичкото лице (колекционерот) го исполнува само условот од членот 9 став 1 точка 4 на овој закон.

**Член 27**

Оружјето од Д категорија може да се набавува од физичко лице кое го исполнува условот од членот 9 став 1 точка 1 на овој закон.

Физичкото лице кое набавило оружје од ставот 1 на овој член, е должно во рок од осум дена од денот на извршената набавка на оружјето, да го пријави оружјето на надлежниот орган, за што се издава потврда.

**Член 35**

Оружјето може да се продаде само на лица кои поседуваат одобрение за набавување на оружје, издадено согласно со овој закон, односно на правно лице овластено да врши промет со оружје, делови за оружје и муниција.

Продажба на оружје меѓу физички лица се врши со договор склучен во писмена форма заверен од нотар, што содржи: име, презиме, датум на раѓање, единствен број на граѓанинот, број на лична карта или пасош, живеалиште и адреса на станот на договорните страни; вид, марка и калибар на оружјето; податоци за производителот, податоци содржани во одобрението, односно дозволата и место и датум на склучување на договорот.

Физичките лица кои купиле оружје согласно со ставот 2 на овој член, се должни во рок од осум дена од денот на склучувањето на договорот за купопродажба, да го пријави купеното оружје заради пробни испукувања до надлежниот орган.

**Член 39**

Во случај на смрт на сопственикот на оружјето, полнолетните членови на неговото семејство или други полнолетни лица кои со него живееле во исто семејно домаќинство се должни во рок од 30 дена од смртта на лицето да го предадат:

-оружјето на трговските друштва од членот 51-а став 2 на овој закон, кои ќе извршат привремено онеспособување на оружјето, со пломбирање, за што се издава потврда или

-оружјето и муницијата на надлежниот орган или најблиската полициска станица, за што се издава потврда.

Полнолетните лица од ставот 1 на овој член се должни привремено онеспособено оружје со муницијата да го чуваат во местото на нивното живеалиште или престојувалиште, односно во местото на одобрен постојан престој, до завршувањето на оставинската постапка.

Министерот за внатрешни работи ќе го пропише начинот на предавање, прием и чување на оружјето и муницијата во случај на смрт на сопственикот на оружјето, како и на формата и содржината на потврдата за оружје и муниција кои се предаваат на надлежниот орган.

Лицето кое наследило оружје може во рок од два месеца по завршувањето на оставинската постапка да поднесе барање за издавање на

дозвола за оружјето или оружјето да го отуѓи согласно со членот 35 на овој закон.

(5) Дозволата за оружје од ставот 4 на овој член се издава ако лицето ги исполнува условите од членот 9 став (1) на овој закон.

Кога барањето од ставот 4 на овој член нема да биде поднесено во предвидениот рок, или кога барањето е одбиено, оружјето и муницијата се одземаат и со нив се постапува согласно со членот 44 на овој закон, а кога оставителот нема наследници, се постапува според членот 45 на овој закон.

Судот надлежен за расправање на оставината го известува надлежниот орган за секое решение со кое се наследува оружје.

**Член 41**

Дозволата за оружје, Дозволата за колекционерско оружје и дозволата за носење на оружје ќе се поништи во случај кога:

1) ќе истекне важноста на дозволата, а истата не е продолжена;
2) донесено е конечно решение за одземање на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за носење на оружје;
3) одобрението за постојан престој на странец на тариторијата на Република Македонија престанало согласно со прописите за движење и престој на странците и
4) ќе настапи смрт на имателот на дозволата.

Дозволата за поседување на оружје ќе се поништи во случај кога:

1) ќе истекне важноста на дозволата за поседување на оружјето, а истата не е продолжена;
2) донесено е конечно решение за одземање на дозволата за поседување на оружјето и
3) правното лице ќе престане да постои.

**Член 45**

Оружјето и муницијата одземени во кривична или прекршочна постапка ќе се предадат на надлежниот орган во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката.

Оружјето и муницијата од ставот 1 на овој член, чие набавување е забрането со овој закон, се уништува.

Оружјето и муницијата од ставот 1 на овој член се користи за службени потреби на Министерството за внатрешни работи, на Министерството за

одбрана, односно Армијата на Република Македонија, а доколку не се дел од вооружувањето на Министерството за внатрешни работи, на Министерството за одбрана, односно на Армијата на Република Македонија, можат и да се продадат по пат на јавно надавање на правните лица што се занимаваат со промет на оружје и муниција и на физички лица кои имаат одобрение за набавување на оружје.

Средствата остварени со продажба на оружјето и муницијата се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 47**

Кон барањето за издавање на одобрение од членот 46 на овој закон се приложува список на основачите на трговското друштво.

Одобрение за производство на оружје и муниција и поправање на оружје ќе се издаде, ако:

1) подносителот на барањето, основачите на трговското друштво и одговорното лице во правното лице:

-ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 2 до 4 на овој закон,

-се државјани на Република Македонија и

-во моментот на поднесување на барањето да имаат живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија и

2) се исполнети просторните и техничките услови за производство, поправање и безбедно сместување на оружјето и муницијата, за заштита од пожар, експлозии, загадување, кражба и пристап на неовластени лица.

Исполнувањето на условите од ставот 2 точка 2 на овој член го утврдува комисија формирана од министерот за внатрешни работи.

Трговското друштво на кое му е издадено одобрение од членот 46 на овој закон е должно во рок од 15 дена од започнувањето со производство на оружје и муниција, односно поправање на оружје да го извести надлежниот орган.

Министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за транспорт и врски и министерот за економија ќе донесе поблиски прописи за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите во кои се врши производство и поправање, односно промет и складирање на оружје и муниција.

**Член 51-б**

Привременото онеспособување (деактивирање) на огнено оружје се врши со преземање на една од следниве технички постапки, со цел:

-низ цевката на оружјето да се провлече жица, чииншто краеви се поврзуваат со метална пломба (пломбирање) или

-онеспособување (блокирање) на чкрапалото на огненото оружје со пломба.

Одредбите од членот 51-а ставовит 2 и 3 на овој закон соодветно се применуваат и на привременото оспособување на огненото оружје.

**Член 77**

Министерот за внатрешни работи ќе донесе поблиски прописи за образецот на барањето за издавање одобрение за набавување на оружјето, делови за оружје и муниција, барањето за заменување на дозволата за оружје издадена од надлежен орган на друга држава, барање за регистрирање на оружје, барање за регистрирање на колекционерско оружје, барање за замена на постојните дозволи, одобрението за набавување на оружје, делови за оружје и муниција, одобрение за набавување на колекционерско оружје, дозволата за оружје, дозволата за поседување на оружје и дозволата за носење на оружје, дозвола за колекционерско оружје, потврда за поседување на оружје, потврда за пријавено оружје од Д категорија, потврда за огнено оружје што е трајно онеспособено за употреба, одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција, одобрение за набавување и изнесување на оружје и муниција од државата, одобрение за внесување на оружје и муниција, одобрение за внесување на оружје и муниција издадено од дипломатско-конзуларното преставништво, одобение за поседување и носење на ловечко оружје за време на лов во државата, одобрение за пренесување на спортско оружје и одобренија за транзит на оружјето и муницијата, потврда (сертификат) за краен корисник одобрение за основање на стрелишта и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција.

**Член 86**

Дозволите за поседување и носење на оружје и дозволите за поседување на оружје издадени по досегашните прописи мора да се заменат најдоцна во рок од три години од денот на влегување во сила на овој закон.

Дозволите од ставот 1 на овој член ќе се заменат, врз основа на поднесено писмено лично барање за замена на постојните дозволи поднесено од физичкото лице, односно правното лице.

При поднесување на барањето за замена на дозволите од ставот 1 на овој член, физичкото лице, односно правното лице е должно до надлежниот орган според живеалиштето, односно престојувалиштето на странецот и правното лице според седиштето, да го пријави оружјето на кое се однесува дозволата, заради извршување на пробни испукувања од оружјето.

**Член 86-а**

За оружјето од Б, Ц и Д категорија, што се поседува од физичко или правно лице, без издадена дозвола за поседување и носење на оружје, дозвола за поседување на оружје или друга соодветна исправа, надлежниот орган издава дозвола за оружје и дозвола за поседување на оружје, ако физичкото лице ги исполнува условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 и став 2 на овој закон, односно правното лице ги исполнува условите од членот 16 сsав 1 точка 1 и став 2 на овој закон.

Оружјето од ставот 1 на овој член, не смее да потекнува од извршување на кривично дело, односно да било наменето или употребено за извршување на кривично дело, да не е во сопстеност на друго физичко или правно лице и ознаките на оружјето да не се оштетени или уништени.

Дозволите од став 1 на овој член се издаваат врз основа на лично барање на физичкото или правното лице, што може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеца од влегување во сила на овој закон.

**Член 86-б**

Физичкото или правното лице кое поседува оружје од А категорија, за кое е издадена дозвола за поседување и носење на оружје, дозволата за поседување на оружје или друга соодветна исправа од надлежниот орган, должно е во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон, да го достави оружјето до трговските друштва од членот 51-а став 2 на овој закон, заради трајно онеспособување (деактивирање) на оружјето.